КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДП 385/13**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Снежана Фитеска извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Саветка Георгиева извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нада Симјановска од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-352 од 04.11.2013 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител М. Х. лично, по одржан претрес, на ден 24.12.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН извршителот М. Х. именуван за подрачјето на О. суд С. 1 С. и О. суд С. 2 С. со адреса на ул. бр., лок. С.

ЗАТОА ШТО:

1. Извршителот М. Х. при водењето на Уписникот за примени барања за извршување за 2013 година:

- во рубриката СПИСИ не ги запишувал предвидените податоци за движењето односно чувањето на списите,
- во рубриката со наслов ДРУГИ ПОДАТОЦИ извршителот не внесувал други податоци кои што се однесувале на предметот,
- во рубриката со наслов ПРЕВЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА, извршителот не ја пополнувал оваа рубрика тековно и не ги заведувал ажурно превземените извршни дејствија, со што постапил спротивно на членот 3 и членот 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување;

2. Извршителот во Уписникот за примени барања за извршување под реден број И.бр.258/13 не ги запишал потребните податоци за извршниот предмет (освен рубриката „Број, на предмет, и година,), а страниците од уписникот (0000060) ги оставил празни и непополнети, со што постапил спротивно на членот 3 и членот 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување;

3. Извршителот по извршниот предмет заведен под И.бр.260/13 постапувал по извршна исправа во фотокопија која што не е била заверена, а во истиот немало ниту полномошно од полномошникот на подносителот на барањето за извршување со што постапил спротивно на членот 27 став 1 од Законот за извршување;

4. Извршителот при спроведувањето на извршувањето не постапувал веднаш по приемот на извршните предмети и по истите не преземал извршни дејствија редоследно по времето како што ги примил, (пример: иако двата извршни предмети И.бр.206/13 и И.бр.207/13 ги примил и завел во извршителската канцеларија на 16.04.2013 година, најпрвин превзел извршно дејствие по предметот И.бр.207/13, и тоа на ден 17.04.2013 година, додека пак по предметот со И.бр.206/13 на ден 23.04.2013 година), со што постапил спротивно на членот 6 од Законот за извршување;

со кои дејствија извршителот М. Х. од С.сторил дисциплинска повреда по член 54-г став 1 алинеја 4 од Законот за извршување “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките”, по чл.54-д алинеја 5 од ЗИ “ при извршувањето превзема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на законот” и по чл.54-д алинеја 12 од ЗИ “ не постапува според редоследот на примените барања за извршување “

па со примена на правилата на казненото право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната и врз основа на чл.54-в став 1. од Законот за извршување му се изрекува дисиплинска мерка

**ЈАВНА ОПОМЕНА**

Дисциплинската мерка јавна опомена да се стави на огласна табла во седиштето на Комората, 60 дена од денот на изрекување

*Образложение*

Предлогот за поведување на дициплинската постапка УПП.бр.09-352 од 04.11.2013 година против извршителот М. Х.од Скопје е поднесен од страна на Министерот за правда на РМ против извршителот врз основа на Извештај за редовен надзор врз работењето над истиот УПП.бр.09-352 од 10.10.2013 година спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда на ден 20.09.2013 година.

Предлогот е со наводи кои го товарат извршителот М. Х. од С. дека истиот  при водењето на Уписникот за примени барања за извршување за 2013 година во рубриката СПИСИ не ги запишувал предвидените податоци за движењето односно чувањето  на списите, во рубриката со наслов ДРУГИ ПОДАТОЦИ извршителот не внесувал други податоци кои што се  однесуваат на предметот, во рубриката со наслов ПРЕВЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА извршителот не ја пополнувал оваа рубрика тековно и не ги заведувал ажурно превземените извршни дејствија. Подносителот смета дека ваквото постапување на извршителот е спротивно на членот 3 и членот 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување.

Предлагачот наведува дека извршителот во Уписникот за примени барања за извршување под реден број И.бр.258/13 не ги запишал потребните податоци за извршниот предмет освен рубриката „Број, на предмет, и година, а страниците од уписникот 0000060 ги оставил празни и непополнети, со што не постапувал во согласност со пропишаното во членот 3 и членот 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување.

Понатаму, предлогот е со наводи дека извршителот по извршниот предмет заведен под И.бр.260/13 постапувал по извршна исправа во фотокопија која што не била заверена, а во истиот предмет немало ниту полномошно од полномошникот на подносителот на барањето за извршување. Подносителот смета дека ваквото постапување на извршителот е во спротивност на членот 27 став 1 од Законот за извршување.

Подносителот во поднесениот предлог истакнува дека извршителот при спроведувањето на извршувањето не постапувал веднаш по приемот на извршните предмети и по истите не преземал извршни дејствија редоследно по времето како што ги примил, како на пример, иако двата извршни предмети И.бр.206/13 и И.бр.207/13 ги примил и завел во извршителската канцеларија на 16.04.2013 година, најпрвин првезел извршно дејствие по предметот И.бр.207/13, и тоа на ден 17.04.2013 година, додека пак по предметот со И.бр.206/13 на ден 23.04.2013 година,  и со таквото постпаување постапил спротивно на членот 6 од Законот за извршување.

Министерот за правда сметајќи дека извршителот сторил дисциплисники повреди по член 54-г став 1 алинеја 4 од Законот за извршување “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките” по чл.54-д алинеја 5 од ЗИ “ при извршувањето превзема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на законот”  и по чл.54-д алинеја 12 од ЗИ “ не постапува според редоследот на примените  барања за извршување “ па предлага Дисциплинската Комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител М. Х. од С. и да му изрече соодветна санкција по ЗИ.

Извршителот М. Х. од Скопје во своја одбрана во писмен одговор и на главен претрес одржан на ден 24.12.2013 година наведе дека се основани наводите изнесени во предлогот за поведување на дисциплинска постапка но истиот напомена при одлучувањето на Комисијата да се земе во предвид фактот што во изминатите години откако извршителот започнал со работа во неговата извршителска канцеларија биле извршени редовни и вонредни надзори од страна на Министерството за правда во неколку наврати и никогаш претходно немале забелешки од страна на лицата кои го вршеле истиот за постоење на некаков пропуст од страна на извршителот а кои се однесувале за водење на електронска евиденција и за водење на книгите, но при последниот извршен надзор биле констатирани некои технички проппусти кои извршителот ги сторил.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 24.12.2013 година, ги дозволи и изведе предложените докази, со читање на:

- Извештај бр.УПП 09-352 од 04.10.2013 година од Министерство за Правда

- Уписник на барање за извршување стр.бр.______ од 2013 година

- Фактура бр._______ од 19.09.2013 година од Извршител М. Х.

- Налог по член 154 од ЗИ од 19.09.2013 година, И.бр.322/13 од Извршител М. Х.

- Барање за извршување од С. Б. АД С. од 21.08.2012 година

- Нотарски акт ОДУ бр._____ од Нотар Р. Н.од 27.08.2008 година

- Уписник на барање за извршување стр.бр.________ од 2013 година

- Барање за извршување од доверител Адвокат В. П.  за должник М. П. од 03.06.2013 година

- Решение XV П1 бр._____ од 06.02.2013 година од О.с. С. 2 С.

- Налог за извршување по член 202 став 1 од ЗИ од 04.06.2013 година, И.бр260/13 од Извршител М. Х.

- Доставница од налог до ЈП М. П. С. од  И.бр260/13 од Извршител М.Х.

- Доставница од налог до С. Б. АД С. од 04.06.2013 година, И.бр260/13 од Извршител М. Х.

- Уписник од барање за извршување  стр.бр._______од 2013 година

- Барање за извршување од доверител Д.  Е. преку пол.адв.В. П. за должник М. П., од 03.06.2013 година

- Полномошно од  Д. Е. од Р.С. за Адвокатска канцеларија В.П.

- Налог по член 202 став 1 од ЗИ од 03.06.2013, И.бр259/13 од Извршител М.Х.

- Доставница од налог до ЈП М. П. од 04.06.2013 година, И.бр259/13 од Извршител М. Х.

- Доставница од налог до С. Б. АД С. од 04.06.2013 , И.бр259/13 од Извршител М. Х.

- Уписник од Барање за извршување стр.бр.________од 2013 година

- Уписник од Барање за извршување стр.бр.________ од 2013 година

- Уписник од Барање за извршување стр.бр.________  од 2013 година

- Барање за извршување од доверител Г. 2 Е. Д. Е. И.преку полномошник Адвокат Т. Н. од 16.04.2013 година

- Трошковник од полномошник на доверителот Адвокат Т. Н.

- Полномошно од Г. 2 Е. Д. Е.-и. С.  за адвокат Т.Н. бр.1315/02 од 13.03.2013 година

- Решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа од 18.03.2013 година од Нотар З. Н.

- Налог по член 202 став 1 од ЗИ од 17.04.2013 година , И.бр.207/13  од Извршител М. Х.

- Доставница од  налог до Уни банка од 18.04.2013 година ,И.бр.207/13 од Извршител М.Х.

- Писмо од налог  до С. П. (Преселен)

- Уписник од барање за извршување стр.бр.________ од 2013 година

- Барање за спроведување на извршување од доверител А. –С.Д. С.  бр.____ од 28.05.2013 година

- Тужба од Тужител А. С. за Тужен Т. А. Д. до О. С. С. 2 С. IV ПЛС бр.______ од 18.04.2011 година

- Налог по член 202 став 1 од ЗИ од 03.06.2013 година, И.бр.261/13 од Извршител М. Х.

- Налог по член 202 став 1 од ЗИ од 03.06.2013 година, И.бр.261/13 од Извршител М. Х.

- Доставница од Налог до С. Б. од 04.06.2013 година од, И.бр.261/13 од Извршител М. Х.

- Уписник од барање за извршување стр,бр.__________ од 2013 година

- Барање за спроведување на извршувње од доверител Б. М. од Скопје преку пол.адв.Т. Т. против должник З. М. Од месец април 2013 година

- Решение _________од 28.05.2012 година од О. С. С.2 С.

- Налог по член 86 став 1 од зи од 23.04.2013 година , И.бр.206/13 од Извршител М. Х.

- Доставница од налог до З. М. од 26.04.2013 година

- Уписник од барање за извршување стр.бр.________од 2012 година

- Барање за извршување од доверител С.К. преку пол.Адвокат Т. С. од С. должник ЈП М. П. С. од 28.12.2012 година

- Записник ________од 05.07.2012 година од О. С. С. 2 С.

- Полномошно од С. К. за адвокат Т. С. од С.

- Налог по член 202 став 1 од ЗИ од 09.01.2013 година И.бр.1344/12 од Извршител М. Х.

- Доставница од налог И.бр1344/12 до С. Б. од 10.01.2013 година

- Доставница од Налог И.бр.1344/12 до ЈП М. П.С. од 10.01.2013 година

- Упсиник од барање за извршување стр.бр. _______ од 2012 година

- Барање за извршување од доверител Е. М. арх.бр._________ од 09.11.2012 година

- Предлог за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа УПДР бр.______ од 11.02.2012 година од Е. М.

- Решение УПДР.бр.______ од Нотар З. Н. од 09.03.2012 година

- Налог по член 86 став 1 од 19.12.2012 година И.бр.1247/12 од Извршител М. Х.

- Потврда за прием на пратка до Љ. П. И.бр.1247/12 од 20.12.2012 година( на адресата нема Љ.)

- Уписник од барање за извршување стр.бр._______ од 2012 година

- Барање за извршување од Е. архивски бр._______ од 09.11.2012 година

- Предлог од Е. бр._________од 13.02.2012 година

- Решение УПДР бр._________ од Нотар З.Н. од 09.03.2012 година

- Налог по член 86 став 1 од ЗИ од 19.12.2012 година, И.бр.1249/12 од Извршител М. Х.

- Писмо до С. Џ. ( цело вратено до извршител)

- Уписник од барање за извршување стр.бр._______ од 2012 година

- Барање за извршување од Е.  архивски бр.________ од 09.11.2012 година

- Предлог од Е. бр.__________ од 26.03.2012 година

- Решение УПДР бр.________ од 21.05.2012 година од Нотар Б. П.

- Налог по член  86 став 1 од ЗИ од 19.12.2012 година , И.бр.1251/12 од Извршител М. Х.

- Доставница од налог  и.бр.1251/12 до С. Б.

Дисциплинската комисија на КИРМ, ценејќи ги сите докази одделно и во целост,  заедно со наводите изнесени во Предлогот на Министерот за правда и  одбраната на извршителот, врз основа на слободно убедување, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот во својата канцеларија води Уписник за примени барања за извршување кој ги содржи потребните рубрики утврдени во чл.5 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување. Во Уписникот за примени барања за извршување во делот со наслов Барања за извршување се внесуваат бројот на предметот, датумот, часот, вредноста на предметот и цената за администрирање. Извршителот броевите на предметите хронолоѓки ги заведува во уписникот, датумот и часот на прием на предметот ги заведува во уписникот по редоследот на прием на предметите.

Во Уписникот извршителот ги заведува вредноста на побарувањето, цената на администирање на предметот, понатаму извршителот во Уписникот ги заведува име и презиме на доверителот, адреса на живеалиште, ЕМБГ/ЕМБС, банка на депонет и сметка, како и име и презиме на должникот, адреса на живеалиште , ЕМБГ/ЕМБС, банка на депонент и сметка.

Во Уписникот извршителот уредно ги заведува во делот со  наслов Извршна исправа бројот на предмет на извршната исправа, органот кој ја донел, датумот на кој станала извршна и видот на побарување во однос на тоа дали се однесува на парично или непарично побарување.

Во делот на Уписникот со наслов Списи извршителот не ги запишувал предвидените податоци за движењето односно чувањето на списите.

Во Уписникот со наслов Други податоци извршителот не внесувал други податоци кои што се однесувале на предметот.

Во делот на Уписникот со наслов Превземни дејствија, извршителот не ги заведува уредно и ажурно  не ја пополнува оваа рубрика тековно и не ги заведува ажурно превземените извршни дејствија и тоа предмети со реден број И.бр 1247/12, И.бр.1251/12, И.бр.965/12. И.бр.966/12, И.бр.1247/12, И.бр.1249/12, И.бр.1344/12.

Извршителот во делот на Имениот на доверители и во Имениот на должници ги запишувал доверителите и должниците од извршните предмети заведени во Уписникот за примени барања за извршување.

Извршителот во поглед на делот на обврската за водење евиденција  во електронската форма, се утврди дека по предметите И.бр.965/12, И.бр.1249/12, И.бр.851/12 и И.бр.207/13  ги заведувал потребните податоци за предметите, за странките и за преземените извршни дејствија. Воедно, по однос на скенирањето на списите од предметите во електронската евиденција извршителот ги скенираал примените барања за извршување, извршните исправи, преземените дејствија по повод предметот на извршување.

Извршителот Музафер Хоџиќ од Скопје при спроведувањето на извршувањето не постапувал веднаш по приемот на извршните предмети и по истите не превземал извршни дејствија редоследно по времето како што ги примил а таков бил случајот со двата извршни предмети И.бр.206/13 и И.бр.207/13 односно иако ги примил истовремено и завел во извршителската канцеларија на 16.04.2013 година, најпрвин прво земал извршно дејствие по предметот И.бр.207/13, и тоа на ден 17.04.2013 година, додека пак по предметот со И.бр.206/13 на ден 23.04.2013 година.

Извршителот во Уписникот за примени барања за извршување под реден број И.бр.258/13 не ги запишал потребните податоци за извршниот предмет, освен рубриката Број на предмет и година, а страниците од уписникот ___________ги оставил празни.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ одлучувајќи по повод основаноста на предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот М. Х. ја сторил дисциплинската повреда која му

се става на товар по чл. 54-г ст.1 алинеја 4 “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките“ на начин што во соодветните рубрики во уписникот за примени барања за извршувања поточно во рубриките списи не ги запишувал предвидените податоци за движењето односно чувањето на списите, во рубриката со наслов други податоци извршителот не внесувал други податоци кои се однесувале на предметот, понатаму во рубриката со наслов Превземени дејствија нередовно и неажурно ги заведувал превземените извршни дејствија што е спротивно на чл.3 и чл.4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување. Комисијата е на мислење дека извршителот сторил продолжено дело кое му се става на товар по чл.54 – г алинеја 4 од ЗИ “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките“ на начин што во уписникот за примени барања за извршување под И.бр.258/13 не ги запишал потребните податоци за извршниот предмет освен рубрикатите број на предмет и година, додека страниците од уписникот ________ ги оставил празни и непотполнети со што извршителот постапил спротивно на чл.3 и чл.4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување. Дисциплинската Комисија при КИРМ исто така е на мислење дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда по чл.54- д алинеја 5 од ЗИ “ при извршувањето превзема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на законот“ со тоа што по извршниот предмет И.бр.260/13 постапувал по извршна исправа во фотокопија која не била заверена и во која немало полномошно од полномошникот на подносителот на барањето за извршување со што постапил спротивно на чл.27 ст. 1 од ЗИ. При одлучувањето по предлогот Дисциплинската Комисија на КИРМ констатира дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар по чл.54-д алинеја 12 од ЗИ “ не постапува според редоследот на примените барања за извршување “ на начин што извршителот не постапувал веднаш по приемот на извршните предмети и по истите не превземал извршни дејствија редоследно по времето како што ги примил и тоа по однос на извршните предмети И.бр.206/13 и И.бр.207/13 иако истите ги примил и завел во неговата канцеларија на ден 16.04.2013 година, најпрвин превзел извршно дејствие по предметот И.бр.207/13 и тоа на ден 17.04.2013 година додека пак по предметот И.бр.206/13 на ден 23.04.2013 година, со што постапил спротивно на чл.6 од Закон за извршување.

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот дека сите констатирани неуредности кои му се ставиле на товар ги отстранил и ги пополнил рубрите како и одбраната на извршителот дека по предметот И.бр.206/13 од 16.04.2013 година не постапил веднаш од причина што барањето за извршување било поднесено со неуредно полномошно од страна на адвокатот, меѓутоа сето ова не влијаеше за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската Комисија. Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот дека од страна на полномошникот имал примено барање за извршување кој го завел под И.бр.260/13 без извршна исправа во оригинал од причина што во предметот И.бр.259/13 кој бил поднесен од истиот подносител извршната исправа била во оригинал и се наоѓала во предметот.

Дициплинската комисија при определувањето на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека извршителот по спроведување на надзорот ги отстранил констатираните неуредности, дека имал оригиналізвршна исправа во предмет видно од Уписник за примени барања за извршување за 2013 година и како особено олеснителна околност фактот дека не се настанати штетни последици за странките, учесниците и трети лица како и околноста дека се работи за релативно мал број на предмети за кои се товари дека не постапувал по редослед, поточно само два предмети кои се примени во ист ден, а како отежнителни околноси тежината на дисциплинските повреди па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Од наведените причини, Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 24.12.2013 година согласно чл. 59, чл. 59-б став 1,2 и 3 и чл. 59-в став 1 алинеа 2 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/2011) одлучи како во изреката на ова решение.

**Претседател на Дисциплинска комисија,**
Снежана Фитеска

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот на одлуката

**Дн:** Министерство за правда
Извршител М. Х. С.
Архива